Наслов на активноста	
Мојата магнетна приказна	
Возраст	
Развоен период (4-6 години)	
Простор/локација	**Карактерна вредност**
Домашни услови	самодоверба
Потребно време за подготовка	**Потребно време за реализација**
30 минути	20-25 минути
Цели	
Целта е детето да ја развие фантазијата преку создавање на нови идеи и оригинални решенија.	
Очекувани резултати	
Детето ги кажува своите идеи на повеќе начини.	
Насоки	

<u>Претходна подготовка за активност</u>
На детето му се даваат готови шаблони од ликовите кои се предвидени во активноста (прилог бр.1) со задача да ги исече и на задниот дел да залепи магнетна лента.

<u>Инструкции/насоки за играта</u>
Родителот, како модератор, ја започнува играта со приказната и треба да ја поттикне детската активност и слободата во изразувањето.(прилог бр.2).
Играта трае сè додека се постават сите (магнети) апликации и се надоврзат на текот на приказната, односно се измислува што се случило со ликовите.

<u>Активност/игра</u>
Се објаснува дека за оваа игра се потребни магнетните апликации кои претходно ги подготвиле во домот и дека со нив ќе се измисли и раскаже нова приказна на магнетната табла.

Прилози	**Материјали**
<u>Прилог бр. 1</u> Шаблон од ликовите на приказната - 20 апликации (10x10 см поставени на лист во А4 формат за печатење): • сонце (1); • облак (1); • јаболки (1 црвено, 1 жолто, 1 зелено); • пиперки (1 црвена, 1 жолта, 1 зелена); • дрвја - 3 јаболкници (со јаболки во боја, за да може децата да го постават правилно магнетот јаболко на означеното дрво); • Кошници 3 со ознаки - пиперка во боја (жолта, црвена, зелена); 6 деца – 3 момчиња и 3 девојчиња. <u>Прилог бр. 2</u> Упатство за модераторот на лист во А4 формат за печатење „Мојата магнетна приказна“ Пр. *„Еден убав сончев ден сонцето се разбудило и извикало…“* (детето со апликацијата на магнет – сонце излегува, го прикачува магнетот на магнетната табла и кажува т.е измислува што кажало сонцето и го поставува својот тек на приказната). (продолжува родителот) *„Потоа, малото црвено јаболче му рече на сонцето…“* (излегува детето со јаболчето - магнет и го става на магнетната табла и смислува што кажало јаболчето). <u>Прилог бр. 3</u> На лист во А4 формат црно – бели: - илустрација на дрво (долу лево); - илустрација на дете (долу десно);	• ножички • Лепило • магнетна лента (или мини магнетчиња) • магнетна табла (капак од шпорет)

- илустрација на сонце (централно горе).	
Активноста е подготвена од:	
Едукатори: Филис Муфти Фелис, Весна Јорданоска, Венера Јоноска, Марина Тодоровска Петровска, Соња Чаловска, Весна Пецева Графички дизајнер: Марија Савиќ, Ана Тодоровска Лектура: Јана Михајловска - Иванов Превод: Агим Лека	



















































